**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНТИЧКА ИСТОРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-148/11 од 23.8.2018 година донесена на 123. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 23.8.2018 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во насловното звање насловен вонреден професор за наставно-научната област *античка историја* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Анета Шукарова, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје (претседател);
- проф. д-р Бошко Ангеловски, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за старсловенска култура – Прилеп (член);
- проф. д-р Трајче Нацев, вонреден професор на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 3.7.2015 година и во предвидениот рок се пријави проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1. Пријава; 2. Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар); 3. Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии; 4. Кратка биографија (во четири примероци); 4. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите); 5. Потврда дека се служи со еден странски јазик; 6. Еден примерок од докторскиот труд; 7. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска** е родена на 8.11.1973 год. во Скопје. Средно образование завршува во Скопје во гимназијата „Ј.Б.Тито“ (1991/1992 год.), културолошка насока, како особено талентиран ученик и стипендист на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, со континуирано одличен успех во сите години и по сите наставни предмети. Била добитник на повеќе општински, градски и републички награди, меѓу кои и наградата „13 Ноември“ на Град Скопје. Дипломирала на Филозофскиот факултет, Институт за класични студии во Скопје, на 14.9.1998 год., со просечен успех 9,60.

Како стипендист на Министерството за наука на Република Македонија, во учебната 1998/1999 год. се запишала на две различни групи на магистерски студии – на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.

Почнувајќи од 15.3.2002 год. работи како помлад асистент-истражувач во Лексикографскиот центар на Македонската академија на науките и уметностите, каде што учествува во реализацијата на проектите „Македонска научна и стручна терминологија“ и „Македонска енциклопедија“, здобивајќи се со значајно лексикографско искуство. Редактор е на 6 објавени томови на „Македонската научна и стручна терминологија“ (том

108, 109, 110, 111, 112 и 113) и стручен соработник и автор на голем број одредници во *Македонската енциклопедија* за античката историја на Македонија. Напоредно, апсолвира на Институтот за класични студии и ги завршува постдипломските студии во ЈНУ Институт за национална историја, на студиското подрачје Историја на Македонија и македонскиот народ од праисторијата до 1371 год., со просечен успех 10,00. На 9.12.2005 год. го одбранува магистерскиот труд на тема „Раната историја на Македонското Кралство (707/6–454 год. пред н.е.)". Потоа, на 15.6.2006 год. е избрана во звањето асистент-истражувач во Македонската академија на науките и уметностите од страна на Рецензентската комисија во состав: акад. Блаже Ристовски, акад. Георги Старделов и акад. Петар Хр. Илиевски. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* на УКИМ бр. 1096, од 16.3.2015 год.

Докторска дисертација на тема „Македонското Кралство како балкански фактор (454–359 год. пред н.е.)" пријавила на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје, а по објавениот конкурс за асистенти-истражувачи од март 2011 год., преминала на работа во овој Институт, во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година). Дисертацијата ја брани на 26.4.2012 год. пред Комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова (ментор), проф. д-р Милан Бошкоски, проф. д-р Митко Панов, проф. д-р Виктор Лилчиќ и проф. д-р Марјан Јованов. Со тоа се стекнува со научниот степен доктор по историски науки, а на 27.6.2012 год. е избрана во звање научен соработник/доцент во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја од страна на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Виктор Лилчиќ и проф. д-р Митко Панов. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* на УКИМ бр. 1032, од 31.5.2012 год., каде што се презентирани резултатите од нејзината дотогашна научноистражувачка работа со вкупно тринаесет излагања на национални и меѓународни научни собири, како и дваесет објавени статии и студии во земјава и во странство, со вкупно 144 бода.

На 29 април 2015 година е избрана во звање виш научен соработник/вонреден професор од страна на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Панов и проф. д-р Ирена Стефоска. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* на УКИМ бр. 1096, од 16.3.2015 год., каде што се презентирани резултатите од нејзината дотогашна научноистражувачка работа со една монографија, десет излагања на национални и меѓународни научни собири, како и десет објавени научни трудови објавени во земјата и во странство, со вкупно 110,9 бодови.

На 23.7.2018 год. кандидатката е избрана во звање научен советник/редовен професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја, од страна на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Панов и проф. д-р Милан Бошкоски. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* на УКИМ бр. 1172, од 2.7.2018 год., каде што се презентирани вкупно 12 научни труда од кои: 1 монографија, 7 труда со оригинални научни резултати објавени во списанија со меѓународна редакција и 4 труда во зборници од меѓународни научни собири.

Освен професионалното познавање на старогрчкиот и латинскиот, кандидатката одлично ги владее англискиот и рускиот јазик, а има солидни познавања од старословенскиот и италијанскиот јазик.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во насловно звање насловен вонреден професор***

Со Одлука на Советот на ЈНУ Институт за национална историја (бр. 02-167/5 од 23.7.2018 год.), кандидатката е избрана во звањето научен советник/редовен професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја, за научното поле хуманистички науки, подрачје историски науки, наставно-научна област античка историја. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 1172, од 2.7.2018 год.

Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Македонското Кралство во времето на Аминта III“ | *Гласник на ИНИ*, год. 58, бр. 1-2, Скопје, 2014, 39-54 | 61 |
| 2 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Житото, лебот и брашното во обичаите на античките Македонци: паралели со подоцнежната македонска традиција“ | *Филолошки студии*, год. XIII, бр. 1, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2015, 1-12 (http://www.philologicalstudies.org) | 16 |
| 3 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Празникот Ксантика кај античките Македонци“ | *Филолошки студии*, год. XIV, бр. II, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2016, 1-11 (http://www.philologicalstudies.org) | 16 |
| 4 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Macedonian King Caranus: among the Myth, History and Tradititon“ | *Гласник на ИНИ*, год. 61, бр. 1, Скопје, 2017, 29-40 | 61 |
| 5 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Антиката во Македонија во записите на Кузман Шапкарев“ | *Образ – мит – текст*, Годишник на асоцијација „Онгъл“, том 14, год. X, София, 2016, 21-33 | 11 |
| 6 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Стратегиското значење на преминот Девет патишта на реката Стримон во антиката“ | *Историја*, год. LII, бр. 2, Скопје, 2017, 7-32 | 53 |
| 7 | Катерина Младеновска-Ристовска | „Ancient Macedonians and Greeks: between the Identity and Civlization Aspirations“ | Studia Środkowoeuropejskie i Bałkanistyczne, Polska Akademia Umijetnosci, Kraków, 2017 | 25 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска на 15.6.2006 год. е избрана во звањето асистент-истражувач во Македонската академија на науките и уметностите (*Билтен* на УКИМ, бр. 1096, од 16.3.2015 год.). На 27.6.2012 год. е избрана во звањето научен соработник/доцент во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја (*Билтен* на УКИМ, бр. 1032, од 31.5.2012 год.). На 29.4.2015 година е избрана во звањето виш научен соработник/вонреден професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ (*Билтен* на УКИМ бр. 1096, од 16.3.2015 год.). На 23.7.2018 год. е избрана во звањето научен советник/редовен професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја (*Билтен* на УКИМ, бр. 1172, од 2.7.2018 год.), за научното поле хуманистички науки, подрачје историски науки, наставно-научна област античка историја.

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска изведува настава на втор циклус студии по наставните предмети: Историја на античка Македонија, Извори за историјата на античка Македонија, Државното уредување на античка Македонија, Античка дипломатија и Историја на митовите, култовите и религиите на античка Македонија на студиската програма Историја на античка Македонија при ЈНУ Институт за национална историја, Митологија на античките Македонци и Словенска митологија на студиската програма Историја на религиите при ИНИ, Историја на културата на античките Македонци на студиската програма Историја на

културата на Македонија при ИНИ, како и на трет циклус студии по наставните предмети Историја на културата на Македонија, Материјалната култура и уметноста на Македонија и Културно-историски специфики на античка Македонија на студиската програма Културна историја на Македонија при ИНИ. Кандидатката е акредитиран ментор на студиската програма од втор циклус Историја на Македонија и на студиската програма од трет циклус Културна историја на Македонија.

Во најновата студиска програма за втор циклус Историја на Македонија при ИНИ, кандидатката учествува во подготовката на нови наставни предмети: Вовед во историјата на античка Македонија и Војска и вооружување во антиката. Исто така, учествува во подготовката на новиот наставен предмет Културно-историски специфики на античка Македонија на трет степен студии на студиската програма Културна историја на Македонија при ИНИ, како и наставните предмети Историска географија на античка Македонија, Раната историја на Македонското Кралство (707/6-359 год. пр.н.е.) и Античкиот македонски ентитет според историските феномени на трет степен студии на студиската програма Историја на Македонија при ИНИ.

По покана и согласност на Институтот за национална историја, кандидатката ги предава на прв циклус студии предметите Античка Македонија I, Античка Македонија II, Историја на стариот Рим, Историја на стариот век, Стар век I (Стар Исток и Хелада) и Стар век II (753 г. пр.н.е. до 324 г. н.е.) на Факултетот за образовни науки – Историја со археологија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (2012–2018). Притоа, била и ментор на два дипломски труда.

Во целокупната досегашна научноистражувачка работа, проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска има објавено една монографија, четириесетина научни трудови во земјава и во странство и има подготвено уште една монографија која е во фаза на печатење. Со свои излагања учествува на триесетина национални и меѓународни научни собири.

Во периодот од 2013 до 2018 година проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска е автор на 15 научни и стручни трудови објавени во домашни и странски списанија, автор е на една монографија и дел од научна книга објавена во странство.

***Објавени трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во последните пет години***

I. *Монографија*

1. *Македонскиот крал Архелај*, Bibliotheca Macedonica, Скопје, 2014, 1-197;

Од објавените научни трудови, од посебно значење е нејзината монографија *Македонскиот крал Архелај*. Тоа е прв монографски труд во историографијата воопшто за овој исклучително значаен период од историјата на Македонското Кралство (413–399 год. пред н.е.), изразен низ сеопфатни политички, воени, економски и културни реформи: јакнење на централната власт, зацврстување на политичките и културните врски со хеленскиот свет, изградба на патишта и систем на одбранбени крепости, реформа во војската, монетарна реформа и геостратегиско преместување на престолнината од Ајга во Пела. Монографијата е фундирана со користење на бројни историски извори на старогрчки и латински јазик, нивните критички изданија и релевантната литература на разните балкански и светски јазици. Содржините се илустрирани со соодветни археолошки наоди и друг изворен материјал, како и мошне студиозна историска карта на античка Македонија. Како фундаментално истражување од македонското минато, оформено во хомогена и синтетичка целина, таа претставува мошне значаен придонес за македонската историографија.

II. *Дел од монографија објавена во странство*:

1. „Alexander Romance in the Macedonian tradition“, Macedonia, Land, Region, Borderland, *Colloquia Balcanica,* Vol. II, Warsaw, 2013, 237-254.

Трудот се осврнува на романот *Александрида* кој имал најголема заслуга за ширењето на славата за животот и воените подвизи на Александар III Македонски низ вековите и традицијата. Тој бил создаден како македонско историографско дело, а до нас пристигнал во повеќе редакции, со најстара верзија од непознат автор од III век. Во јужнословенска

средина, пак, можеби токму во Македонија, најраната верзија е регистрирана кон крајот на X век, а до денес се регистрирани над триста и педесет ракописни верзии само во словенските земји и уште стотици верзии и преводи на над 40 други јазици од светот. Александар бил постојано присутен во колективната меморија на Македонците. Тоа го потврдуваат и странските истражувачи на Македонија и патописците. Печатарската техника, пак, уште повеќе го забрзала процесот на ширењето на *Александридата* и нејзината популарност, почнувајќи од (1550) до денес.

III. *Научни трудови објавени во меѓународно научно списание*:

1. „Македонското Кралство во времето на Аминта III“, *Гласник на Институтот за национална историја*, 58, 1-2, Скопје, 2014, 39-54;

Периодот на владеењето на македонскиот крал Аминта III се карактеризира со постојана борба за опстанок на Македонското Кралство. Водени од моќта и желбата за воен грабеж и плен, како и амбициите за проширување на своите поседи и влијание, негови главни соперници биле Илирите и Олинтјаните, а само делумно и непознатиот домашен претендент Аргај и Тесалците на чело со Јасон од Фери. Прилично е спорна хронологијата на настаните, изворите со кои располагаме се малубројни, скудни и на места контрадикторни, но со критичка анализа на расположливите извори, во трудот е направена една можна реконструкција на настаните од овој значаен период од македонската историја.

„Житото, лебот и брашното во обичаите на античките Македонци: паралели со подоцнежната македонска традиција“, *Филолошки студии*, Год. XIII, бр. 1, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2015, 1-12 (http://www.philologicalstudies.org);

Житото, лебот и брашното имале особено значајна улога во обичаите на античките Македонци. Во врска со преданието за основањето на Македонското Кралство се наведува волшебното нараснување на лебот на Пердика, првиот македонски крал од династијата на Аргеадите. Во изворите е забележан пример за користење на брашното за одбележување на границите на нов град при неговото основање. Исто така, се среќава опис на македонскиот свадбен обичај на сечење леб со меч. Трудот се занимава со анализа на овие фрагменти, кои иако се малубројни, ја потврдуваат светата симболика на житото, лебот и брашното кај античките Македонци. Траги од оваа симболика среќаваме и денес во современата традиција, кои меѓу другото ни овозможуваат и подлабоко да навлеземе во суштината на овие обичаи.

„Празникот Ксантика кај античките Македонци“, *Филолошки студии*, Год. XIV, бр. II, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2016, 1-11 (http://www.philologicalstudies.org);

Ксантика бил празник на војската на античките Македонци кој се прославувал уште од најстаро време. Се одржувал на пролет, во шестиот месец од календарот на античките Македонци *Ксандик* или денешен март според нашиот современ календар. Имал функција на свечен обред на лустрација. Во својата суштина тој претставувал своевидно ритуално магиско прочистување на војската предводена од кралот, во особено свечена атмосфера, при што таа поминувала помеѓу две половини од жртвувано куче. Во парадата, за време на пурификацијата, кралот бил придружуван од семејството, хетајрите и македонската војска. По ова следела една необична миметичка игра на борба помеѓу две завојувани страни. Текстот претставува обид за реконструкција на овој древен македонски обред за кој податоците во историските извори се малубројни, од една страна, но од друга страна инспиративни за анализа и претпоставки за неговата суштина и значење.

2. „Антиката во Македонија во записите на Кузман Шапкарев“, *Образ – мит – текст*, Годишник на асоцијация „Онгъл“, том 14, год. X, София, 2016, 21-33;

Трудот се занимава со неколку мошне интерени записи на преданија, верувања и митолошки приказни за антиката во Македонија, запишани во огромниот фонд собран фолклорен материјал на Кузман Шапкарев. За најраното минато на македонските простори го забележал преданието за старото етничко население Езерци кое го населувало крајбрежјето на Охридското Езеро. Кон него се надоврзуваат и народните верувања за Исполините како безмерно високи и силни јунаци, како и за Александар III Македонски како изумител на војните, што е всушност еден мал фрагмент од познатиот мотив за потрагата по живата (бесмртна) вода во *Александридата*. Исто така, посебно се интересни

и преданието за охридската населба Хермелеја, каде што проповедал христијанскиот светец св. Еразмо Охридски, како и преданието за преспанските села Исток и Герман како божемно родни места на византискиот цар Јустинијан и неговиот полководец Велизариј.

3. „Macedonian King Caranus: among the Myth, History and Tradititon“, *Гласник на ИНИ*, год. 61, бр. 1, Скопје, 2017, 29-40;

Според најстариот запис на Херодот, основоположник на Македонското Кралство и на македонската кралска династија Аргеади е кралот Пердика I. Но, кај подоцнежните автори се забележува дополнување на македонската кралска листа, најпрвин со еден, а во подоцнежните компилации со повеќе владетели пред него. Овие дополнувања во најголем дел се сметаат за неавтентични и неисториски, но сепак се предмет на историографски интерес и имаат одредено историско значење. Трудот се осврнува на првото дополнување на кралската листа - македонскиот крал Каран. Се поставува прашањето која била причината за внесување на Каран на кралската листа. Дали Каран бил дел од македонската пропаганда во склоп на моменталната политичка неопходност за приближување кон хеленскиот свет, дали бил своевидна митска персонификација или пак можеби историска личност? „Стратегиското значење на преминот Девет патишта на реката Стримон во антиката“, *Историја*, год. LII, бр. 2, Скопје, 2017, 7-32;

Еден од најзначајните стратегиски пунктови во долината на реката Стримон бил преминот Девет патишта (*Ennea Hodoi*), кој се наоѓал во нејзиното устие и бил света крстопатна месност на Едоните уште во првата половина на првото илјадалетие пр.н.е. Тој бил една од главните влезни копнени порти кон југозапад – Халкидик, Македонското Кралство, Тесалија, Епир и Хелада, на север кон пајонските области и внатрешноста на Тракија, но и на главниот патен правец кон Хелеспонт. Трудот се осврнува на стратегиско значење на овој премин во антиката.

4. „Ancient Macedonians and Greeks: between the Identity and Civlization Aspirations“, *Studia Środkowoeuropejskie i Bałkanistyczne*, Polska Akademia Umijetnosci, Kraków, 2017, 281-291.

Што всушност биле античките Македонци, Хелени или варвари, ниту едно од нив или пак двете, Илири, Тракијци или пак мешан народ? Ова е едно од најконтроверзните прашања во историската наука кое беше мошне актуелно во текот на изминатиот век и не престанува да биде актуелно ниту денес. И покрај тоа што античките извори јасно сведочат за посебноста на античките Македонци наспрема другите соседни етноси, некои истражувачи и натаму сметаат дека античките Македонци биле Хелени. Нивните контрааргументи најдобро може да се илустрираат со следниве поставени прашања: Најпрвин, ако античките Македонци не биле Грци, како тогаш тие како самостоен, воено надмоќен народ ја примиле хеленската култура и станале најизразени носители? Понатаму, зошто Александар III по освојувањето на Истокот го прифатил заедничкото хеленско наречје (т.н. koine) за службен јазик во неговата држава, зошто во Македонија се пронајдени бројни натписи на хеленски јазик, зошто бројни историски дела за Македонија од античко време биле напишани на јонско или јонско-атичко наречје, дури и кога нивните автори биле Македонци и знаеле македонски итн. Токму овие прашања се предмет на разгледување на овој труд.

IV.*Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир*

1. „Творечкиот профил на Аница Савиќ-Ребац“, *Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Република Македонија и Република Србија* (зборник на трудови од меѓународен научен собир), Битола, 2014, 443-451;

Трудот се осврнува на творечкиот профил Аница Савиќ-Ребац (Нови Сад, 4. X 1893 – Белград, 7. X 1953) која оставила длабоки траги во културата на балканските и пошироките европски простори како поет, филозоф, историчар на филозофијата, историчар на античките книжевности, истражувач на хеленската култура и есеист, преведувач, професор во средни училишта и на филозофските факултети во Скопје (1930-1933) и во Белград (1946-1953).

2. „Праисторијата во Струшко и нејзината туристичка презентација, со посебен осврт на наколните живеалишта“, Материјали од Меѓународниот симпозиум *Етнотуризмот и етнолошкото културно наследство*, во организација на Македонското етнолошко друштво, 12 септември 2014 год., *Етнолог*, бр. 14, Скопје, 119-128.

Струшкото подрачје покажува полн континуитет на живеење уште од неолитското време. Досега тука се регистрирани поголем број на археолошки локалитети кои даваат импресивна слика за културниот и општествениот живот во праисторијата и антиката. Сите тие, а особено добро документираните неолитски наколни населби се недоволно искористени во современата туристичка понуда. Текстот апелира туристичките планери да ја осмислат реконструкцијата на овие наколни населби, што во голема мера би придонело за промоција на македонското културно наследство пред нашата и пошироката светска јавност, како и за уште позасилен развој на туризмот во ова подрачје.

3. „Политика на војна и мир: Пердика II и Пелопонеската војна“, Меѓународна научна конференција *Балканот: луѓе, војни и мир*, Материјали од меѓународната научна конференција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 4–5 ноември 2013), Скопје, 2015, 13-23;

Трудот се осврнува на вештата и променлива политика на македонскиот крал Пердика II за време на Пелопонеската војна. Во зависност од моменталните услови, тој одржувал пријателски врски, стапувал во политички сојузи и ги раскинувал, постојано менувајќи ја страната, со цел да извлече што повеќе корист за својата земја. Го одбил нападот на атинскиот сојузник, тракискиот одриски владетел Ситалк, чија војска триесет дена ги пустошела македонските територии. Се здружил со спартанскиот водач Брасида против Атина и линкестидскиот владетел Арабај, но по неуспешниот напад врз Линкестида, склучил сојуз со Атина. Подоцна ги признал за сојузници Спарта и Аргос, а малку потоа повторно го прифатил сојузништвото со Атина, со што уште еднаш го потврдил своето децениско правило на промена на страните во интерес на опстојувањето и одбраната на државата.

4. „*Александридата* во светската традиција“, *Македонија – Полска, историја, култура, јазик, медиуми*, Скопје, 2015, 171-177;

Трудот ја анализира широката распространетост на *Александридата* од која до денес се регистрирани над триста и педесет ракописни верзии само во словенските земји (бугарски, македонски, полски, руски, српски, чешки...) и уште стотици верзии и преводи на над 40 други јазици од светот (од постарите редакции и обработки на старогрчки, латински, ерменски, коптски и сириски јазик, до подоцнежните на грузиски, арапски, турски и малајски јазик).

5. „Антиката во наставните програми по историја за основно и средно образование во Република Македонија“, Меѓународна научна конференција *Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи*, Битола, 10-11 ноември 2017, 174-181.

По донесувањето на Декларацијата за сувереност и независност на Република Македонија од страна на Собранието на Република Македонија и формирањето на првата Влада на Република Македонија, Педагошкиот завод на Македонија формира стручна Комисија и забрзано подготви нови наставни програми по историја за основното, гимназиите и сите струки на средното образование во Република Македонија. Основната поставена цел и задачи на Комисијата беше континуирано да се опфати целокупното минато на човештвото, со што кај учениците ќе се развие почит кон другите народи и љубов кон минатото на својата татковина. Главната новост во новите наставни програми е рамноправната застапеност на тематските содржини за Стариот Исток, Стара Грција, Стариот Рим и Старата македонска држава. Таа основна карактеристика е задржана и во сите подоцнежни измени и дополненија на наставните содржини. Во трудот детално се анализираат сите тие тематски целини.

6. „Никола Вулиќ како истражувач на антиката во Македонија“, Седми меѓународен научен симпозиум *Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес*, Битола 19-20 мај 2017, (Зборник на трудови), Битола, 2018, 27-37;

Трудот се осврнува на научноистражувачката работа на Никола Вулиќ која е од исклучително значење за македонската археолошка и историска наука. Во рамките на неговите долгорочни теренски истражувања, Н. Вулиќ неуморно ги истражувал и македонските простори. Евидентирајќи ги и собирајќи ги епиграфските споменици од Македонија, тој дал исклучителен придонес за развојот на македонската епиграфика. Мошне значајно е и неговото истражување на античкиот град Стибера каде што ги извршил првите пробни археолошки ископувања. Секако дека еден од најголемите дострели во неговата научноистражувачката работа се археолошките истражувања на локалитетот Требеништа. Не помалку значајно негово открититие е и римскиот театар во Скупи.

V. *Учество на научни собири со реферат во земјава и во странство*:

1. „Творечкиот профил на Аница Савиќ-Ребац“, Меѓународен научен собир *Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија*, Битола, 31 мај - 1 јуни 2013;
2. „Политика на војна и мир: Пердика II Пелопонеската војна“, Меѓународна научна конференција *Балканот: луѓе, војни и мир*, по повод 100-годишнината од Баканските војни (65 години ИНИ), Скопје, 4 - 5 ноември 2013;
3. „Јазикот на античките Македонци“, Меѓународна научна конференција *Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици*, Скопје, 21 - 22 ноември 2013;
4. „Праисторијата во Струшко и нејзината туристичка презентација, со посебен осврт на наколните живеалишта“, Меѓународен симпозиум *Етнотуризмот и етнолошкото културно наследство*, во организација на Македонското етнолошко друштво, 12 септември, 2014 год., Скопје;
5. „Антиката во Македонија во записите на Кузман А. Шапкарев“, *Образ – мит – текст*, Осми цар – Шишманови дни в Самоков, Тридесет и четвърти научни четения на асоцијация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“, 10-12 октомври 2014, Самоков, Бугарија;
6. „Александар Велики во еврејската традиција“, Меѓународна научна конференција *Евреите во Македонија: Историја, традиција, култура, јазик и религија*, по повод 70 години од возобновувањето на работата на еврејската заедница во Македонија по Втората светска војна (1944-2104), МАНУ, 18-19 декември 2014, Скопје;
7. „Лебот и брашното во обичаите на античките Македонци“, Меѓународен симпозиум *Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања* во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков” - Скопје, 19-20 декември 2014 год., хотел Континентал, Скопје;
8. „Празникот Ксантика кај античките Македонци“, Прва меѓународна научна конференција *ФИЛКО (Филологија и образование)*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Воронешки државен универзитет – Русија, Штип, 18-19 март 2016;
9. „Култот на сонцето кај античките Македонци“, Меѓународен научен симпозиум *Етнология и филология*, Десети цар – Шишманови дни в Самоков, Тридесет и шести научни четения на асоцијация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“, Самоков, Бугарија, 30 септември-2 октомври 2016;
10. „Античките Македонци и Хелените: помеѓу идентитетот и цивилизациските стремежи“, Меѓународен научен собир *Tożsamość i samoidentyfikacja bałkańskich narodów, mniejszości etnicznych i religijnych po rozpadzie Jugosławii. Historia – polityka – kultura – język – media* (*The identity and self-identification of the Balkan nations and ethnic and religious minorities after the break-up of Yugoslavia: history, politics, culture, language and the media*), Komisja Środkowoeuropejska Polskiej Akademii Umiejętności, Instytut Nauk Politycznych i Stosunków Międzynarodowych Uniwersytetu Jagiellońskiego oraz Instytut Politologii Uniwersytetu Pedagogicznego im. Komisji Edukacji Narodowej w Krakowie, Краков, 12-13 октомври 2016;
11. „Македонскиот крал Каран: помеѓу митот, историјата и традицијата“, Меѓународна научна конференција *70 години Институт за историја / 70 години македонска историографија*, Филозофски факултет, Скопје, 13-14 декември 2016;

12. „Никола Вулиќ како истражувач на антиката во Македонија“, Седми меѓународен научен симпозиум *Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес*, Битола, 19-20 мај 2017;
13. „Митови, стереотипи и мистификации за Александар III Македонски“, Единаесети международни Цар-Шишманови дни в Самоков [Триесет и седми научни четения на Асоцијация „ОНГЪЛ“] *Митове – Стереотипи – Мистификации*, Самоков, Р. Бугарија, 29 септември – 1 октомври 2017;
14. „Антиката во наставните програми по историја за основно и средно образование во Република Македонија“, Меѓународна научна конференција *Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи*, Битола, 10-11 ноември 2017.

VI. *Член на уредувачки одбор на научно списание*:
1. Секретар на Редакцијата на списанието *Гласник на Институтот за национална историја* (бр. 55, 56, 57, 58 и 59).

VII. *Студиски престои во странство*:
1. Софија, Република Бугарија (20-24.11.2012);
2. Белград, Република Србија (9-14.12.2012);
3. Солун, Република Грција (13-15.12.2012)
4. Атина (Република Грција) American School for Classical Studies (1.12. - 6.12. 2016 год.).

VIII. *Рецензент на научни трудови*:
1. *Античка Македонија: историска и културолошка контекстуализација во општата историја на Диодор* од доц. д-р Наталија Поповска;
2. 7 рецензии за списанието *Гласник на Институтот за национална историја;*
3. 5 рецензии за списанието *Филилошки студии;*
4. 1 рецензија за списанието *Историја*.

IX. *Труд во стручно списание*
1. „Походот на Ситалк во Македонија“, *Зборник на трудови во спомен на Емилија Петковска*, Завод за заштита на спомениците на културата у музеј – Струмица, 2014, 41-71;
2. „Александар Велики во колективната меморија на Македонците“, *Книжевно житие*, бр. 32, год. VIII, Скопје, 2014, 18-26.

X. *Елаборати и експертизи* (*Подготовка на нови предмети III степен студии*)
1. Културно-историски специфики на античка Македонија на студиската програма „Културна историја на Македонија“ при ИНИ;
2. Историска географија на античка Македонија на студиската програма „Историја на Македонија“ при ИНИ;
3. Раната историја на Македонското Кралство (707/6-359 год. пр. н.е.) на студиската програма „Историја на Македонија“ при ИНИ;
4. Античкиот македонски ентитет според историските феномени на студиската програма „Историја на Македонија“ при ИНИ.

XI. *Шеф на институт*
1. Раководител на Одделението за античка и средновековна историја при ИНИ.

XII. *Член на институтски орган, комисија*
1. Член на комисија за подобност на тема и кандидат за магистерска работа: „Модерни интерпретации на античките автори како современи гледишта за античките Македонци“ од кандидатот Валентин Јанкоски.
2. Член на комисија за избор во звање на: Наталија Поповска (избор во звањето научен соработник/доцент), Стефан Пановски (избор во звањето научен соработник/доцент),

Александра Папазовска-Санев (избор во звањето научен соработник) и Славица Бабамова (избор во звањето научен соработник/доцент).

3. Член на комисија за оцена или одбрана на докторат на:

- Драган Ѓалевски, Воените аспекти на византиската дипломатија на балканот (средина на IX – почеток на XI век), ИНИ, Скопје, 2013;
- Наталија Поповска, *Античка Македонија во општата историја на Диодор*, ИНИ, Скопје, 2014;
- Славица Бабамова-Јаниќ, *Средното Повардарие и источниот дел на Република Македонија во римскиот период според епиграфските споменици*, ИНИ, Скопје, 2014;
- Стефан Пановски, *Филип V и македонскиот експанзионизам*, Филозофски факултет, Скопје, 2014.

5. Ментор на дипломските трудови:

- „Македонија и римскиот империјализам“ од кандидатот Марјан Бучков, студент на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, Студиска програма: Историја со археологија;
- Етничките обележја на античките Македонци од кандидатот Ивана Талимџиоска, студент на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, Студиска програма: Историја со археологија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во целокупната доставена документација, досега изнесеното и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека таа продолжила со успешни фундаментални истражувања и научни презентирања на минатото на античка Македонија, оформувајќи се во особено квалификуван и плоден истражувач. Со примената на современите научноистражувачки методи и интердисциплинарниот пристап, нејзините научни трудови претставуваат неодминлив придонес во фондот на научната мисла за минатото на античка Македонија. Од сите наведени причини, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува нејзината наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативната дејност и организационо-развојна дејност.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, според Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип (Универзитетски гласник бр. 31, мај 2014 год.), Комисијата заклучи дека кандидатката ги исполнува сите услови да биде избрана во насловното звање насловен вонреден професор и за целокупната активност во извештајниот период има остварено (НО+НИ+САОР)=255,5 поени.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог и **кандидатката проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска да ја избере во звањето насловен вонреден професор од наставно-научната област античка историја.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Анета Шукарова, научен советник/редовен професор,**
**ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, претседател, с.р.**
**Д-р Бошко Ангеловски, научен советник/редовен професор,**
**ЈНУ Институт за старсловенска култура – Прилеп, член, с.р.**
**Д-р Трајче Нацев, вонреден професор,**
**Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, член, д.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА МЛАДЕНОВСКА-РИСТОВСКА**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| **1** | Избор во звање вонреден професор | 40 | |
| | **ВКУПНО** | **40** | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** |
| **1** | Монографија или научна книга | 10 | |
| **2** | Дел од монографија или научна книга | 10 | |
| **3** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | 9x7=63 | |
| **4** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир | 5x2=10 | |
| **5** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 11x1,5=16,5 | 3x2=6 |
| **6** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | |
| **7** | Студиски престој во странство | 4x8=32 | |
| **8** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 14x2=28 | |
| | **ВКУПНО** | **177,5** | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** |
| **1** | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2x2=4 | |
| **2** | Елаборати и експертизи | 2x4=8 | |
| **3** | Шеф на институт | 4 | |
| **4** | Член на институтски орган, комисија | 11x2=22 | |
| | **ВКУПНО** | **38** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **40+177,5+38=255,5** | |